Партнерство за Отворена Власт на **Северна Македонија**

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# „Отворен трезор“, односно, увид во трошењата на државата

Иако „трезор“ можеби повеќе упатува на место каде што се чуваат вредни работи, накит и пари – сепак, трезор во оваа смисла значи сметката преку која се одвиваат плаќањата од Буџетот на државата.

Повеќе од две години, односно, од ноември 2019 година, па наваму, секому во земјава му се достапни информациите за тоа кому, колку, кога и за што државата, односно, повеќе од 1.100 државни институции платиле пари.

Овие податоци се достапни на специјалната интернет-платформа „Отворени финансии“ (**https://open.finance.gov.mk**) преку која може да се пребараат и најдат милиони плаќања на државните институции кон фирми, други институции и физички лица извршени во текот на последните десет години. Податоците на страницата се освежуваат и се дополнуваат секои 15 дена, односно, двапати месечно.

Идејата за увид на граѓаните во плаќањата, односно, трошењата на државните институции потекна од невладиниот сектор во земјава уште во 2013 година, но таа конечно се реализираше шест години подоцна. Беа потребни неколку клучни предуслови за државата конечно да ги отвори своите трошења пред граѓаните.

Прво, требаше идејата да се преточи во конкретна активност, што се случи кога таа стана дел од заложбите во Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2018 – 2020 година. Станува збор за меѓународна иницијатива која започна пред една деценија, а во која денес учествуваат 78 земји, вклучувајќи ја и нашата која се приклучи уште од почетоците во 2011 година. Секоја земја-членка се обврзува дека, заедно со граѓаните и граѓанските организации, на секои две години ќе подготвува и ќе спроведува конкретни заложби кои ќе водат кон поотворени и поодговорни власти. Една таква заложба беше и „Отворен трезор“.

Второ, за реализација на отворениот трезор беше потребна политичка волја. Ваквата иницијатива за првпат беше прифатена во 2017 година од тогашниот министер за финансии, Драган Тевдовски, а се реализираше речиси две години подоцна како дел од пошироките напори на тогашната влада за поголема транспарентност и отчетност на државните институции пред граѓаните.

**Повеќе од две години, односно, од ноември 2019 година, па наваму, секому во земјава му се достапни информациите за тоа кому, колку, кога и за што државата, односно, повеќе од 1.100 државни институции платиле пари.**



Следно, беше потребно да се утврди законска основа за слободен пристап до информациите од трезорското работење во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Конечно, беше потребна конкретна проектна реализација на платформата „Отворени финансии“ која ја спроведе Меѓународниот републикански институт, ИРИ, со финансиска поддршка од Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД).

## Што може да се најде на „Отворени финансии“?

Преку платформата „Отворени финансии“, за секој од повеќе од 1.100 буџетски корисници, односно, државни институции, може да се најдат информации кому, за што и кога се платило. Исто така, може да се добијат информации и за примањата, односно, во обратен редослед: кој, од која институција, колку и кога примил пари.

Платформата може да се користи на македонски, албански и англиски јазик, иако податоците што се добиваат и изборот на институции за пребарување автоматски се нагодени на македонски јазик.

За властите, отворањето на податоците за буџетските трошења значи зголемување на јавниот интегритет, но и можност за поефикасно управување на јавните ресурси според потребите и во интерес на граѓаните.

Главните цели за ставање на државните плаќања на увид на граѓаните беа зголемување на транспарентноста и приближување на информациите за трошењето на Буџетот кон граѓаните. Воедно, им се овозможи и на сите други заинтересирани страни да ги користат податоците за аналитички, научни и истражувачки цели. Природно, едни од најчестите корисници се новинарите кои не само што обелоденуваа разни буџетски трошења, за кои потоа се бараа објаснувања од претставниците на власта, туку и инициираа и натамошно објавување на подетални информации за одредени плаќања.

Такви се примерите за новинарските истражувања кои ги обелоденија високите парични бонуси кои ги примале обвинителите во Специјалното јавно обвинителство, милионските исплати од поранешната власт кон националните телевизии, како и хонорарите што ги исплаќа актуелната власт секој месец на голем број ангажирани лица, по што под притисок на јавноста, мораше да ги објави и нивните договори.

Преку платформата „Отворени финансии“, за секој од повеќе од 1.100 буџетски корисници, односно, државни институции, може да се најдат информации кому, за што и кога се платило. Исто така, може да се добијат информации и за примањата, односно, во обратен редослед: кој, од која институција, колку и кога примил пари.



Во меѓувреме, платформата „Отворени финансии“ се надополни со уште неколку слични бази на податоци. Прво, покрај корисниците на централниот буџет, кон објавувањето на своите плаќања постепено се приклучија и општините.

Натаму, на платформата има вградено две потплатформи. Едната „Јавен долг“ со податоци за долговите на централната власт, општините и државните претпријатија, вкупните и поединечните износи на нивните задолжувања и каматите. Втората потплатформа е „Ковид-19“ која се наметна како потреба за зголемена транспарентност и отчетност за примените донации, плаќањата и набавките поврзани со заштита од коронавирусот.

## Што понатаму?

Иако содржи многу информации, т.н. „Отворен трезор“ сепак е само почетнички обид за унапредување на транспарентноста и отчетноста на државните институции – и за институциите и за корисниците.

Досегашното користење на платформата покажа и неколку слабости од кои произлегуваат и препораки за нејзино идно унапредување.

Прво, платформата не е многу лесна за попрецизни пребарувања, особено за пошироко користење од граѓаните бидејќи не се очекува тие да имаат поголеми од вообичаените вештини за работа на компјутер. Оттука, со секое нејзино поедноставување би можело да се очекува и поголемо користење од поширок круг граѓани.

Второ, платформата и податоците што ги содржи би требало што е можно повеќе да се промовираат од страна на Министерството за финансии. И медиумите треба да продолжат со практиката да назначуваат во своите извештаи кога анализите што ги објавуваат се темелат врз податоци од платформата. На тој начин ќе стимулираат поголемо користење од поширок круг корисници.

Трето, натамошно детализирање на класификацијата на трошоците која сега е поопшта и не упатува на подетален увид во основите за плаќањата.

Четврто, да се приклучат и другите институции – здравствените институции и државните претпријатија што не се дел од централниот трезорски систем, но можат да се најдат модалитети за отворање и на нивните плаќања.

Петто, во перспектива, податоците за плаќањата да бидат достапни во вистинско време, односно, во времето на случување, наместо како досега, базата да се надополнува на секои 15 дена.

**Иако содржи многу информации, т.н. „Отворен трезор“ сепак е само почетнички обид за унапредување на транспарентноста и отчетноста на државните институции – и за институциите и за корисниците.**



Во меѓувреме, од октомври 2021 година земјава го спроведува новиот, петти по ред Национален акциски план за Партнерството за отворена власт 2021-2023. Во овој план има 25 нови заложби, како заложбата за „Отворен трезор“ од претходниот акциски план. Спроведувањето на новиот план, односно, реализацијата на заложбите би требало да придонесе за натамошно унапредување на транспарентноста на институциите, на пристапот до информациите, на задоволството на граѓаните од услугите, за намалување на корупцијата, заштита на основните права, промовирање на пристапот до правда и заштита на животната средина.



Партнерство за Отворена Власт на **Северна Македонија**

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ**

**Наслов:** „Отворен трезор“, односно, увид во трошењата на државата

**Автор:** Герман Филков

**Дизајн:** Кома

Студијата на случај може бесплатно да се преземе на:
**http://www.ovp.gov.mk**

Студијата на случај е поддржана од Секретаријатот на ПОВ за потребите на проектот „Поддршка на процесот на кокреирање на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021 – 2023“ кој го спроведе Фондацијата Отворено општество – Македонија во партнерство со Центарот за граѓански комуникации и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација.

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

ESE